НАЦРТ

Врз основа на член 22, точка 10 и 11 од Законот за локалната самоуправа („Сл. Весник на РМ“ бр. 5/02), член 5 од Законот за пожарникарството („Сл. весник на РМ“ бр. 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15 и 39/16) член 2 од Законот за управување со кризи („Сл. весник на РМ“ бр.29/05, 36/11, 41/14, 104/15 и 39/16), член 4, став 2 од Законот за заштита и спасување („Сл.весник на РМ“ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15 и 106/16) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 12/06, 03/09,18/10 и 15/14), донесе

П Р О Г Р А М А

за активностите на Општина Велес во областа на заштитата и спасувањето, противпожарната заштита и управување со кризи во 2018 година

Програмата за активностите на Општина Велес во областа на заштитата и спасувањето, противпожарната заштита и управувањето со кризи ги утврдува заедничките интереси и активности во овие области, кои претставуваат активности од јавен интерес. Според законските одредби, Општина Велес во 2018година овие активности ќе ги остварува преку:

- Територијалната противпожарна единица која дејствува на територијата на Општина Велес, согласност Законот за пожарникарството, ќе ги покрива и подрачјата на соседните општини Чашка и Градско, кои немаат формирано сопствена противпожарна единица;
- Штабот за заштита и спасување,
- Просторните сили за заштита и спасување и
- Комисијата за процена на штета од елементарни и други непогоди на територијата на Општина Велес.

Со цел за навремено, ефикасно и организирано спроведување на активностите од областа на заштитата и спасувањето, Општина Велес и во 2018 година ќе продолжи со континуирана соработка со надлежните државни органи од областа на заштитата и спасувањето и тоа:

- Дирекцијата за заштита и спасување;
- Центарот за управување со криз;
- Министерството за одбрана и
- Противпожарниот сојуз на Република Македонија и други надлежни органи и тела.

I. Цели

- заштита и спасување на луѓето и материјалните добра од природни непогоди, пожари во населени места, во шуми, отворени простори, поплави, сообраќајни несреќи и др;
- заштита и спасување на луѓето, животната средина, материјалните добра, природните богатства, животинскиот и растителниот свет и културното наследство од природни непогоди и други несреќи во мир и вонредна состојба;
- создавање на услови и можности за организирано остварување и реализација на заштитата на луѓето и материјалните добра;
- обезбедување на навремено истакнување на опасноста, благовремено откривање и елиминирање на причините за настанување на пожари и други видови непогоди;
- обезбедување на услови и можности за соодветна организација, опременост и координираност на силите за заштита и спасување, справување со кризи и противпожарната заштита

II. Активности

За реализација и остварување на основните цели на оваа Програма, активностите на Општината и Советот ќе бидат насочени кон создавање на максимални услови за реализирање на програмските определби во доменот на противпожарната заштита и спасувањето, како и заштитата и спасувањето во услови на разни видови непогоди, кризни состојби и други несреќи во мир.

Во оваа насока, активностите претежно ќе бидат насочени кон обезбедување на услови за квалитетна, брза и во законски рамки реализирана активност. Општина Велес во рамките на своите материјални можности ќе обезбеди услови потребни за квалитетна и технички стручно подготвена единица за противпожарна заштита, која ќе може брзо и ефикасно да дејствува на целото подрачје на Општина Велес и соседните општини.

III. Финансирање

Финансирањето на активностите од областа на заштитата и спасувањето, справувањето со кризни состојби и дејствувањето на Територијалната противпожарна единица, утврдени според оваа Програма ќе биде реализирано од:

- Средства од Буџетот на РМ;
- Средства од Буџетот на Општина Велес;
- Наплатени премии за осигурување на моторни возила и осигурување од одговорност од употреба на моторни возила;
- Средства од наплатени парични казни за сторени прекршоци од областа на заштитата од пожари и експлозии;
- Доброволни прилози и други средства од осигурителни друштва, фондации, правни и физички лица, наменети за унапредување на заштитата од пожари;
- Приходи од сопствени извори за извршени услуги од страна на Територијалната противпожарна единица и
- Приходи од други општини

Ред. Бр.	Расход	сметка		Вкупно
		Наменска	буџетска	
1	Плати и надоместоци од плати			
2	**Комунални услуги, греење, комуникации и транспорт**	**1.240.000**	**1.240.000**	**1.240.000**
2.1	Електрична енергија		200.000	200.000
2.2	Вода , канализација и ѓубретарина		100.000	100.000
2.3	Други комунални услуги		10.000	10.000
2.4	Течни горива-нафта за греење		450.000	450.000
2.5	ПТТ и др.трошоци за комуникација		80.000	80.000
2.6	Горива и масла		320.000	320.000
2.7	Регистрација на моторни возила		80.000	80.000
3	**Поправки и тековно одржување**		**790.000**	**790.000**
3.1	Резервни делови и автогуми		270.000	270.000
3.2	Попрака и сервисирање на возила		160.000	160.000
3.3	Поправка и одржување на зграда		100.000	100.000
3.4	Сервисирање на ПП апарати		60.000	60.000
3.5	Реконструкција на објект		200.000	200.000
4	Облека –униформи и обувки		450.000	450.000
5	Техничка и заштитна опрема		300.000	300.000
6	Обуки		20.000	20.000
7	Партнерско учество во проекти		30.000	30.000

8	Материјални трошоци за физички и правни лица – учесници во гаснење на пожар и други видови непогоди		30.000	30.000
9	Општински противпожарен Сојуз		30.000	30.000
10	Доброволни ПП друштва		10.000	10.000
11	Непредвидени трошоци		30.000	30.000
12	**Расходи за заштита и спасување**		100.000	100.000
12.1	Трансфер на средства		50.000	50.000
12.2	Надомест на комисија за процена на штети		50.000	50.000
13	**Расходи за управување со кризи**		150.000	150.000
13.1	Трансфер на средства		50.000	50.000
13.2	Набавка на опрема и средства		100.000	100.000
	Вкупно		**3.180.000**	**3.180.000**

V. Други форми на активности за поддржување и помагање на ТППЕ

Активностите на Територијалната противпожарна единица – Велес, која делува на подрачјата на општините Велес, Чашка и Градско, освен со финансиски средства, Градоначалникот и Советот на Општина Велес ќе ги помагаат и стимулираат и со:

- одбележување на 20-ти мај, Денот на пожарникарите;
- прогласување на најистакнат пожарникар во извршувањето на работните обврски при гаснењето на пожари;
- учество на Градоначалникот и претставници на Советот на средби и настани организирани од страна на ТППЕ по разни поводи и прослави и
- поддршка и учество во проектни активности.

VI. Завршни одредби

За спроведувањето на оваа Програма се грижи Градоначалникот на Општина Велес.

Во соработка со Општинскиот штаб за заштита и спасување, Дирекцијата за заштита и спасување, Центарот за управување со кризи, државниот инспектор за заштита од пожари, инспекторот за заштита и спасување и другите надлежни органи и тела, органите и телата на Советот на Општина Велес ќе го следат спроведувањето на оваа Програма и активно ќе учествуваат во нејзината реализација, како и во покренувањето на иницијативи, давање на мислења и поднесување на предлози во врска со остварувањето на програмските цели и активности.

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Душко Петров с.р.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Програмата за активностите на Општина Велес во областа на заштитата и спасувањето, противпожарната заштита и управување со кризи во 2018 година ги опфаќа целите, активностите и надлежностите на Општина Велес во сферата на заштитата и спасувањето, управувањето со кризи и противпожарната заштита. Со оглед на тоа дека Законот за пожарникарството, Законот за заштита и спасување и Законот за управување со кризи ги регулираат задачите, обврските и правата на субјектите во системот на заштитата и спасувањето, Програмата за активностите на Општина Велес ги насочува планирањата за финансиското и материјалното обезбедување на системот за заштита и спасување.

Програмата за активностите на Општина Велес во областа на заштитата и спасувањето, управувањето со кризи и противпожарната заштита во 2018 година се движи во рамките на реалните потреби поткрепени со историските трошоци од минатите години.

Согласно законски (член 4 став 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за пожарникарството „Сл. весник на Р.М“ бр.39/16), а со цел ефикасно извршување на стручни работи во врска со надлежностите на единицата на локалната самоуправа во областа на заштитата и спасувањето, се изврши промени во Правилникот за систематизација на работните места на вработените во општинската администација, според кои вработени во територијалните противпожарни единици не се веќе помошно технички лица туку ќе имаат статус на Професионалните пожарникари во областа на безбедноста.

Согласно член 5, став 4 од Законот за изменување и дополнување на Законот за пожарникарство („Сл. весник на РМ“ бр. 55/13), ТППЕ формирана во град Велес ќе ги покрива и општините Градско и Чашка, кој не формираат свои единици.

Од Буџетот на Општина Велес се обезбедуваат средствата за финансирање на тековните оперативни активности, набавка на противпожарна опрема и осовременување на единицата, односно подобрување на условите за работа, комуналните услуги, поправките и тековното одржување на ПП возилата, набавка на униформи, лекарски прегледи за вработените, реконструкција и санација на објектите, поддршката за учество на вработените во професионалната противпожарна единица и др.

Во расходниот дел планирани се трошоците врз основа на историските трошоци за комунални услуги, греење, комуникација и транспорт, поправки и тековно одржување на возилата и објектите. Планирание се средствата за набавка на заштитна и техничка опрема и униформи, поради потребата од нејзино обновување. Планирани се средствата за реконструкција и одржување на објектите. Предвидените средства во зависност од потребите и можностите може да претрпат измени во вкупниот износ во текот на календарската година.